**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

Бр. 08-158/

Врз основа на член 10 и26 од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 04/05, 70/06 и 22/07) и член 52 од Законот за управните спорови ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/06, 150/10), а постапувајќи по пресудата на Управниот Суд на Република Македонија У-5 бр.897/2010 од 22.03.2011 година, во постапката поведена по службена должност против Авто Мото Сојуз на Македонија застапуван од генерален секретар Димитар Миновски, Скопје, Сојуз на возачи на Македонија, застапуван од в.д. секретар Снежана Бошевска и Автосообраќаен училишен центар ,,Боро Петрушевски,, на град Скопје застапуван од директор Игнат Доневски заради утврдување на постоење на забранет договор, одлука на здружение на претпријатија и/или договорена практика чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на ден 12.09.2011 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**1. Се утврдува дека**

Авто Мото Сојуз на Македонија, Скопје ул. Иво Рибар Лола бр.51, Скопје, Сојуз на возачи на Македонија, бул. Св. Климент Охридски бр.58-6, Скопје и Автосообраќаен училишен центар ,,Боро Петрушевски,, на град Скопје , бул. Александар Македонски бр.3/26-6 Скопје, учествувале во забранет договор и/или договорена практика на начин што одлуките и ценовницитекои ги донели и во кои се утврдени цените за технички преглед на моторни и приклучни возила претходно меѓусебно ги усогласиле со што директно ги фиксирале продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, а со цел спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата - технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, со што сториле повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата,

**2. Времетраење на повредата од точка 1:**

- Авто Мото Сојуз на Македонија, Скопје учествувал во повредата од точка 1) во периодот од од 01.08.2005 година до 12.05.2009 година;

- Сојуз на возачи на Македонија, Скопје учествувал во повредата од точка 1) во периодот од од 01.08.2005 година до 12.05.2009 година и

- Автосообраќаен училишен центар ,,Боро Петрушевски,, на град Скопје Скопје учествувал во повредата од точка 1) во периодот од од 01.08.2005 година до 02.12.2008 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст Комисијата) постапувајќи по службена должност, согласно член 30 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата, поведе постапка против Авто Мото Сојуз на Македонија, Скопје (во понатамошниот текст АМСМ), Сојуз на возачи на Македонија (во понатамошниот текст СВМ), Скопје и Автосообраќаен училишен центар ,,Боро Петрушевски,, на град Скопје (во понатамошниот текст АСУЦ,,Боро Петрушевски,,Скопје), заради утврдување на постоење на забранет договор, одлука на здружение на претпријатија и/или договорна практика помеѓу наведените претпријатија чија цел или последица е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија.

Комисијата со Заклучок бр. 07-205/1 од 21.04.2008 година го задолжи АСУЦ,,Боро Петрушевски,,Скопје меѓу другото да достави и одлуки со кои се утврдува висината на надоместот за услугата за регистрација од 2004 година до денес.

АСУЦ,,Боро Петрушевски,,Скопје достави податоци со допис бр. 07-205/4 од 30.04.2008 година, при што во прилог на дописот меѓу другото е доставена и Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр. 02-1311/5 од 12.07.2006 година (со примена од 01.08.2006 година) Цените за техички преглед во наведената одлука се исти со цените содржани

во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на Сојуз на Возачи на Македонија бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година (со примена од 01.08.2006 година), односно членовите 1,2 и 3 од наведените одлуки се идентични по содржина.

Комисијата на 10.11.2009 година донесе Заклучок бр.07-449/1 за поведување на постапка против Авто Мото Сојуз на Македонија Скопје ул. Иво Рибар Лола бр.51, Скопје и Сојуз на возачи на Македонија бул. Климент Охридски бр.58-6 Скопје во кој меѓу другото бара и доставување на одлуки со кои се утврдува висината на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила од 2005 година до денот на доставување на заклучокот и прпратните писма со кои истите се доставивани до Авто мото друштвата (во понатамошниот текст: АМД), односно Здруженијата на возачи (во понатамошниот текст: ЗВ), како и - записници, односно објаснување за направените консултации и контакти маѓу АМСМ и СВМ, а во врска со утврдување на висината на цената за услугата – технички преглед на моторни и приклучни возила од 2005 година до денот на доставување на заклучокот.

На 30.11.2009 година СВМ достави допис бр.07-449/2 во кој наведува дека записници, односно објаснување за направените консултации и контакти со АМСМ, а во врска со утврдување на висината на цената за услугата – технички преглед на моторни и приклучни возила од 2005 година до денес во евиденцијата и документацијата на СВМ не се најдени, освен напомената дека ,,цената е усогласена,,, која е евидентна од пропратните писма со кои одлуките се доставени до сите ЗВ.Во прлиог СВМ доставува:

- Договор за здружување на ЗВ во РМ во СВМ;
- Статут на СВМ;
- Пропратно писмо бр.02-95/3 од 26.07.2005 година со кое Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр.02-95/2 од 26.07.2005 година се доставува до сите ЗВ, при што во писмото во третиот параграф е наведено дека ,,новата цена на техничкиот преглед е усогласена со АМСМ и АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, и
- Прпратно писмо бр.03-103/1 од 11.07.2006 година со кое Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр.02-96/6 од 11.07.2006година се доставува до сите ЗВ, при што во писмото во третиот параграф е наведено ,,напоменуваме дека Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила е целосно усогласена со АМСМ,,.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

На 10.02.2010 година АМСМ достави допис бр.08-95/1 во кој наведува дека АМСМ со СВМ одржува контакти и заеднички консултации на одржани состаноци каде се утврдува висината на цената за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила, но за истите не постојат пишани документи. Во прилог на дописот меѓу другото доставени се и :

- Статут на АМСМ;
- -Одлука на АМСМ за донесување Ценовник за технички преглед на возила и административни услуги на АМСМ во СТП Центар и Ценовник бр.03-11329 од 14.11.2008 година;
- Одлука на АМСМ за донесување Ценовник за технички преглед на возила и административни услуги на АМСМ во СТП Чаир и Ценовник бр.03-11329 од 14.11.2008 година;
- - Одлука на АМСМ за донесување Ценовник за технички преглед на возила и административни услуги на АМСМ во СТП Велес и Ценовник бр.03-11329 од 14.11.2008 година;
- Одлука на АМСМ за донесување Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила и Ценовник бр.05-12114 од од 01.12.2008 година;
- Одлука на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО Скопје за Ценовник за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни возила и Ценовник бр.03-217 од од 01.06.2009 година;
- Одлука на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО Скопје за Ценовник за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни возила и Ценовник бр.03-719 од од 18.11.2009 година;

Комисијата на 16.12.2009 година донесе Заклучок бр.07-449/3 за поведување на постапка против АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје бул. Александар Македонски бр.3/26-6 Скопје во кој меѓу другото бара и доставување на одлуки со кои се утврдува висината на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила од 2005 година до денот на доставување на заклучокот како и - записници, односно објаснување за направените консултации и контакти со АМСМ и СВМ, а во врска со утврдување на висината на цената за услугата – технички преглед на моторни и приклучни возила од 2005 година до денот на доставување на заклучокот.

На 23.12.2009 година АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје достави допис бр. 07-449/4 во кој наведува дека сите досега формирани цени се форирани согласно важечките позитивни законски прописи во време на формирање на ценитеи согласно Законот за заштита на конкуренцијата. Во прилог АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје меѓу другото доставува:

- Статут;

- Одлука на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр. 02-1311/5 од 12.07.2006 година (со примена од 01.08.2006 година) Цените за техички преглед во наведената одлука се исти со цените содржани во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-96/6 од 11.07.2006 година (со примена од 01.08.2006 година), односно членовите 1,2 и 3 од наведените одлуки се идентични по содржина и
- Ценовник за услугите во Станицата за технички преглед во АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје бр. 03-3095 од 05.12.2008 година. Цените во наведениот ценовник се пониски во однос на цените утврдени во Одлуката на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје бр. 02-1311/5 од 12.07.2006 година.

Врз основа на Заклучок бр. 08-95/2 од 09.04.2010 година, овластени лица од Комисијата за заштита на конкуренцијата на 09.04.2010 година извршија увид во работењето на АМСМ и на записник го задолжија АМСМ и Трговско друштво АМСМ УСЛУГИ-Станица за технички преглед ДОО Скопје (во натамошниот тект ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО) да ги достават сите одлуки со кои се утврдува висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила во периодот од 01.01.2008 година до денес.

Со допис бр. 08-95/3 од 16.04.2010 година АМСМ Скопје меѓу другото достави и:

- Одлука за донесување Ценовник за технички преглед на возила и административни услуги на АМСМ во СТП Центар и Ценовник бр. 03-11329/1 од 14.11.2008 година. ( Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и -приклучни возила на АМСМ бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година) и
- Одлука донесување Ценовник за технички преглед на возила и Ценовник бр. 05-12114 од 01.12.2008 година. ( Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година).

Со допис бр.08-95/4 од 16.04.2010 година ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО Скопје меѓу другото достави и:

- - Одлука за донесување ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила и Ценовник бр. 03-104 од 12.05.2009 година на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (Цените за редовен технички преглед

во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година);

- - Одлука за ценовник за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни возила и Ценовник бр. 03-217 од 01.06.2009 година на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година);
- - Одлука за ценовник за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни возила и Ценовник бр. 03-719 од 18.11.2009 година на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година);
- - Одлука за ценовник за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни возила и Ценовник бр. 03-767 од 02.12.2009 година на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година);
- - Одлука за ценовник за услуги на технички преглед и регистрација на моторни возила и Ценовник бр. 03-2/1 од 05.01.2010 година на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година);
- - Одлука за ценовник за услуги на технички преглед и регистрација на моторни возила и Ценовник бр. 03-274/1 од 26.02.2010 година на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година) и
- Извод од централен регистар за ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Дополнително АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје со допис бр. 08-95/5 од 06.05.2010 година достави Одлука за утврдување на висината на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила бр 02-962/3 од 07.07.2005 година (со примена од 01.08.2005 година) Цените за техички преглед во наведената одлука се исти со цените содржани во Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила на СВМ бр. 02-95/2 од 26.07.2005 година (со примена од 01.08.2005 година.

Комисијата на ден 28.05.2010 година, со допис бр. 08-95/6 достави Известување за писмено изјаснување по наводите на Комисијата во врска со управната работа бр. 08-95 од 2010 година.

Со допис бр. 08-95/7 од 08.06.2010 година АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје достави изјаснување во кое наведува дека Комисијата не не може да констатира дека имало усогласено однесување и договаеање на цените бидејки пазарот за пружање на услугата –технички преглед на моторни и приклучни возила е транспарентен и многу лесно се доаѓа до информации за висината на цените што ги нудат другите Станици за технички преглед (СТП). Дополнително се наведува дека одлуките за висината на цената во СТП на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје ги носи управниот одбор, како и дека во архивата на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје не се пронајден пишан документ за договарање помеѓу АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје, АМСМ и СВМ.

Со допис бр. 08-95/8 од 21.06.2010 година АМСМ достави изјаснување во кое наведува дека истиот не учествувал во забранет договор или договорена практика и дека бројот на учесници на пазарот не е ограничен, односно технички преглед на моторни и приклучни возила може да врши правно лице овластено од министерот за внатрешни работи, доколку истото ги исполнува законски пропишаните услови. АМСМ Скопје исто така наведува дека постои лојална конкуренција од голем број мали независни фирми при што ниту еден учесник напзарот не може да влијае на висината на цената, туку тие се прифаќачи на цени. Дополнително АМСМ Скопје наведува дека не постојат пишани докуманти и не постои Договор за регулирање и усогласување на цените за цените за технички преглед помеѓу АМСМ Скопје СВМ и АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје, како и дека АМСМ нема инструмент на контрола ниту може на останатаите учесници на пазарот да им забрани самостојно да ги формираат цените. Дополнително АМСМ наведува дека не постојат одлуки со законска примена помеѓу АМСМ СВМ и АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје,

**Член 7 став1 од Законот за заштита на конкуренцијата**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
***Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје***
***Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk***

Согласно членот 7 став (1) од Законот забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и договорена практика чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување или го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите.

Комисијата посочува дека критериумите за утврдување на постоење на договор во смисла на член на член 7 став (1) од Законот се пошироки отколку што се на пример критериумите за утврдување на постоење на договор согласно законот за облигациони односи. Имено, согласно ЗЗК, договор може да постои и кога помеѓу учесниците постои договорена практика, односно кога тие се придржуваат до заедничко однесување кое го ограничува или постои веројатност да го ограничи нивното индивидуално однесување, преку одредување на границите на нивното заедничко дејствување или воздржување од дејствување на пазарот. Во ваков случај не е неопходно да постои договор во пишана форма ниту формалности и договорени санкции или мерки за извршување.

За потребите на член 7 став (1) самото однесување може да биде доказ за договор при што доволно е претпријатијата само да ја изразиле својата заедничка намера да се однесуваат на пазарот на одреден начин. Иако член 7 прави разлика помеѓу концептот на ”договорена практика”,“договори склучени помеѓу претпријатија” и ”одлуки на здрженија на претпријатија” целта е со забраната од член 7 да се опфатат формите на соработка помеѓу претпријатијата со кои, и без постигнување на стадиум на потпишување на формален договор, претпријатијаат свесно ја замениле состојбата на конкуренција со меѓусебна практична соработка. Оттука не е неопходно, особено во случаи на комплексни повреда кои траат долг период, Комисијата да го карактеризира однесувањето единствено како една или друга форма ( договор или договорена практика) на забрането однесување. Концептите на договор и договорена практика се флуидни и може да се преклопуваат. Реално може да биде и невозможно да се направи таква дистинкција, бидејќи повредата може да ги содржи секоја од формите на забрането однесување, додек гледано изолирано некои од манифестациите на повредата можат точно да бидат опишани како еден или друг вид на повреда. Поради ова повредата на член 7 може во исто време да биде и договор и договорена практика.

Дополнително, во случаите кога усогласувањето настанува на редовна основа и за време на долг период претпријатијата кои учествуваат во такво усогласување и остануваат активни на пазарот ги имаат предвид податоците разменети со конкурентите при определувањето на нивното сопствено

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

однесување на пазарот. Во овој случај таквата усогласена (договорена) практика сама по себе е опфатена со членот 7 став (1) од Законот дури и кога не постојат конкретни антиконкурентски ефекти на пазарот.

Секое претпријатие мора самостојно да ја одредува својата комерцијална политика која има намера да ја спроведе на пазарот. Иако ова барање за независност не го ускратува правото на претпријатијата свесно да се приспособуваат на постојното или предвиденото однесување на нивните конкуренти, тоа стриктно забранува било какви директни или индиректни контакти помеѓу претпријатијата чија цел или последица е било да влијаат врз пазарното однесување на постоен или потенцијален конкурент или да му го откријат на конкурентот своето идно однесување на пазарот.

Законот за заштита на конкуренцијата изрично забранува претпријатија, односно здруженија на претпријатија да учествуваат во договори и/или договорни практики, односно здруженијата на претпријатија да донесуваат одлуки со кои директно се фиксираат продажните цени на стоките и услугите кои ги нудат претпријатијата, бидејќи таквото договарање помеѓу учесниците на пазарот за еден од најзначајните параметри на конкуренцијата – цената е спротивно на основното правило на слободната конкуренција според кое учесниците на пазарот треба самостојно и независно едни од други да ги носат одлуките за своето однесување на пазарот и самостојно да го сносот ризикот за успехот, односно неуспехот од таквото однесување. Оттука, таквите одговори, односно одлуки имаат за цел нарушување на конкуренцијата и истите не можат да бидат оправдани ниту да бидат предмет на групно или поединечно изземање и претставуваат една од најтешките повреди на правилата за заштита на конкуренцијата утврдени во Законот за заштита на конкуренцијата.

<u>Оттука, а врз основа на доказите, прибавени во текот на постапката, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба</u>

## <u>1 Опис на повредата од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата</u>

АМСМ има овластувања од јавен карактер (технички преглед на моторни и приклучни возила) и истите ги врши директно (преку станиците за технички преглед во негова сопственост) и посредно преку потписниците на Договор за извршување на Јавни овластувања –Авто Мото Друштва (АМД) кои ги исполнуваат условите предвидени во прописите со кои се уредуваат односните области, а на кои го пренесува непосредно добиеното овластување.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

СВМ исто така има овластувања од јавен карактер (технички преглед на моторни и приклучни возила) и истите ги врши индиректно преку здруженијата на возачи (ЗВ) врз основа на склучен посебен Договор за здружување на ЗВ во РМ во СВМ. ЗВ се членки на СВМ. Со Договорот, ЗВ во РМ се согласни преку СВМ да ги остваруваат заеднички утврдените активности, како и дејностите, целите и задачите на СВМ. Притоа како дејност на СВМ е уредено и вршењето на одредени јавни овластувања, непосредно врз основа на закон, односно по добиено одобрение од надлежен државен орган.

АМСМ и СВМ претставуваат здруженија на претпријатија чии членки вршат обезбедување на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила. Дополнително АМСМ врши и непосредно технички преглед на моторни и приклучни возила во станици за технички преглед во негова сопственост кои од 11.06.2008 година се издвоени во посебно правно лице ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО (АМСМ има удел од 50% во основната главнина на наведеното правно лице). АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје исто така врши технички преглед на моторни и приклучни возила. Вршењето технички преглед на моторни и приклучни возила претставува вршење на економска активност. Притоа, за вршењето на оваа услуга се наплатува надомест од граѓаните што претставува промет на услуги, поради што вршењето на услуга на технички преглед на возила претставува економска активност во смисла на член 5 став (1) точка 5) од Законот за заштита на конкуренцијата, заради што АМСМ, СВМ и АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје претставуваат, здружение на претпријатија, односно претпријатија во смисла на член 5 став (1) алинеа 1) и 2)од Законот за заштита на конкуренцијата.

АМСМ, СВМ и АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје во мецес јули 2005 година донеле Одлуки и ценовници во кои се утврдени цените за технички преглед на моторни и приклучни возила. Имено:

-АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје на 07.07.2005 година донел Одлука за утврдување на висината на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, бр 02-962/3 со примена од 01.08.2005 година.

-СВМ на 26.07.2005 година донел Одлука за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр.02-95/2 со примена од 01.08.2005 година и

-АМСМ Скопје на 26.07.2005 година донел Одлука за донесување ценовник за услуги на СТП на АМСМ бр. 15-4166/1 од 26.07.2005 година, со примена од 01.08.2005 година.

Вака донесените одлуки на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје, СВМ и АМСМ Скопје се резултат на претходно остварени контакти и договарање на цените. Имено ценовниците на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје, СВМ и АМСМ Скопје се донесени во месец јули 2005 година и истите стапуваат во сила од 01.08.2005 година. Притоа цените за технички преглед во ценовниците на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје и СВМ се идентични додека цените за технички преглед во горенаведениот ценовникот на АМСМ се разликуваат од оние на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје и СВМ. Но, иако постои разлика во цените за технички преглед во горенаведениот ценовникот на АМСМ и оние на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје и СВМ неспорно е дека АМСМ истите ги донел во договор и консултации со СВМ и АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје. Имено во пропратното писмо (бр. 02-95/3 од 26.07.2005 година) кое СВМ го испраќа заедно со Одлуката бр. 02-95/2 од 26.07.2005 година до ЗВ членки на СВМ со цел примена на истата, се наведува дека ,, Новата цена на техничкиот преглед е усогласена со АМСМ и АСУЦ ,,Боро Петрушевски,,. Исто така во пропратното писмо (бр. 15-4166 од 26.07.2005 година) кое АМСМ го испраќа заедно со Одлуката бр. 15-4166 од 26.07.2005 година до АМД членки на АМСМ со цел примена на истата, се наведува дека ,, АМСМ и СВМ донесоа заедничка одлука за зголемување на цената на услугата за извршени технички преглед на сите видиви моторни и приклучни возила,, .

АМСМ, СВМ и АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје во мецес јули 2006 година повторно донеле Одлуки и ценовници во кои се утврдени цените за технички преглед на моторни и приклучни возила. Имено:

-АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје на 12.07.2006 година донел Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр 02-1311/5 со примена од 01.08.2006 година.

-СВМ на 11.07.2006 година донел Одлуката за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр.02-96/6 со примена од 01.08.2006 година и

-АМСМ Скопје на 11.07.2006 година донел Одлука за донесување на ценовник за технички преглед на возила и Ценовник бр. 03-4135 со примена од 01.08.2006 година.

Вака донесените одлуки на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје, СВМ и АМСМ Скопје повторно биле донесени како резултат на претходно остварени контакти и договарање на цените. Имено ценовниците на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје, СВМ и АМСМ Скопје се донесени во месец јули 2006 година и стапуваат на сила од 01.08.2006 година. Притоа цените за технички преглед во ценовниците на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје и СВМ се

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

идентични односно АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје и СВМ донеле ценовници со идентични цени и истите стапиле во сила во ист ден - 01.08.2006 година. Цените за технички преглед во ценовникот на АМСМ од 2006 година се разликуваат од оние на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје и СВМ. Но, иако постои разлика во цените за технички преглед во горенаведениот ценовникот на АМСМ од оние на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје и СВМ неспорно е дека АМСМ истите ги донел во договор и консултации со СВМ и АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје. Имено во пропратното писмо (бр. 03-103/1 од 26.07.2005 година) кое СВМ го испраќа заедно со Одлуката бр. 02-95/2 од 11.07.2006 година до ЗВ членки на СВМ со цел примена на истата стои напомена дека ,,Одлуката за висината на цените за технички преглед на моторни и приклучни возила е целосно усогласена со АМСМ,,. Исто така во Одлуката на АМСМ бр. 03-4135 од 11.07.2006 година во член 3 е наведено дека ,, Цените се усогласени и прифатени и од СВМ,,

Дополнително во дописот (бр.07-449/2 од 30.11.2009 година) доставен до Комисијата од СВМ, СВМ наведува дека записници, односно објаснување за направените консултации и контакти со АМСМ, а во врска со утврдување на висината на цената за услугата – технички преглед на моторни и приклучни возила од 2005 година до денес во евиденцијата и документацијата на СВМ не се најдени, освен напомената дека ,,цената е усогласена,,, која е евидентна од пропратните писма со кои одлуките се доставени до сите ЗВ, исто така и во дописот (бр.08-95/1 од 10.02.2010) доставен до Комисијата од АМСМ, АМСМ наведува дека АМСМ со СВМ одржува контакти и заеднички консултации на одржани состаноци каде се утврдува висината на цената за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила, но за истите не постојат пишани документи.

Вака утврдените цени помеѓу СВМ АМСМ и АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје биле применувани од страна на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје и АМСМ во своите станици за технички преглед, додека СВМ и АМСМ како здруженија на претпријтија истите ги испраќале до сите свои членки со цел примена на истите. Со ваквата практика се елиминирала директната конкуренција помеѓу давателите на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила, односно помеѓу ЗВ-членки на СВМ и АМД –членки на АМСМ, како и конкуренцијата помеѓу АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје, ЗВ-членки на СВМ , АМД –членки на АМСМ и самиот АМСМ во периодот на времетраење на забранетиот договор.

Иако Комисијата смета дека е можно, пред се заради, карактеристиките на одредени пазари, а пред се поради транспарентноста, цените на учесниците на тој пазар да се движат исто и да бидат исти, односно претпријатијата имаат право свесно да се приспособуваат на постојното или предвиденото

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

однесување на нивните конкуренти, Комисијата не може да го прифати аргументот дека цените во ценовниците на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје и СВМ се идентични токму како резултат на ваквото пазарно приспособување бидејќи истите се донесени со идентични цени пред да почне нивната примена, односно пред да бидат јавно достапни. Имено, не е возможно да се донесат нови ценовници од два конкурентни пазарни субјекти и тие да бидат целосно исти уште пред да стапат на сила, доколку идентичните цени се резултат на пазарно приспособување, приспособувањето ќе следело откако барем едниот пазарен субјект ќе ги објавел своите цени, а никако пред тоа. Односно вакво донесување на исти цени пред тие да бидат применети не е можно без остварување на директни или индиректни контакти помеѓу претпријатијата чија цел или последица е да влијаат врз пазарното однесување на постоен конкурент или да му го откријат на конкурентот своето идно однесување на пазарот. Дополнително како што веќе е наведено погоре во пропратното писмо (бр. 02-95/3 од 26.07.2005 година) кое СВМ го испраќа заедно со Одлуката бр. 02-95/2 од 26.07.2005 година до 38 членки на СВМ со цел примена на истата, е наведено дека ,, Новата цена на техничкиот преглед е усогласена со АМСМ и АСУЦ ,,Боро Петрушевски,,.

**2. Времетраење на повредата од 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата**

- АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје сторил повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувал во забранет договор и/или договорена практика со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од 01.08.2005 година (кога стапила во сила_Одлуката за утврдување на висината на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила на АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, бр 02-962/3 од 07.07.2005 година (со примена од 01.08.2005 година) до 02.12.2008 година кога АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје донел Ценовник за услуги во Станицата за технички преглед во АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Скопје бр.02-3095 од 02.12.2008 година со цени различни од оние претходно утврдени со АМСМ и СВМ.

- АМСМ Скопје сторил повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувал во забранет договор и/или договорена практика со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од 01.08.2005 година (кога стапил во сила Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ бр.

15-4166/2 од 26.07.2005 година, донесен со Одлука за донесување ценовник за уалуги на СТП на АМСМ бр. 15-4166/1 од 26.07.2005 година) до 12.05.2009 година (како датум кога ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје ја донело првата Одлука за донесување ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила и Ценовник бр. 03-104)

-СВМ сторил повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор и/или договорена практика со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од од 01.08.2005 година (кога стапил во сила Одлуката на СВМ за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила бр.02-95/2 од 26.07.2005 година) до 12.05.2009 година.

Комисијата утврди дека АМСМ скопје и СВМ учествувале во предметниот забранет договор од 01.08.2005 година (кога стапиле во сила ценовниците за кои прв пат се договориле) до 12.05.2009 година (како датум кога ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје ја донело првата Одлука за донесување ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила и Ценовник бр. 03-104). Комисијата утврди дека до 11.06.2008 година АМСМ вршел непосредно технички преглед на моторни и приклучни возила во станици за технички преглед во негова сопственост кои од 11.06.2008 година се издвоени во посебно правно лице ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО (АМСМ има удел од 50% во основната главнина на наведеното правно лице). ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО на 12.05.2009 ја донело првата Одлука за донесување ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила и Ценовник бр. 03-104 и од тој датум АМСМ веќе не носел одлуки и ценовници во кои се утврдувале цените за технички преглед на моторни и приклучни возила. Бидејќи од наведениот датум АМСМ веќе не носел одлуки, а Комисијата дополнително не утврди дека постоеле дополнителни контакти и договарања за директно или индиректно фиксирање на цените за технички преглед на моторни и приклучни возила по 12.05.2009, Комисијата утврди дека АМСМ и СВМ по овој датум веќе не учествувале во предметниот забранет договор.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Комисијата на 19.07.2010 година донесе Решение бр. 08-95/9 со кое утврди дека Авто Мото Сојуз на Македонија, Скопје ул. Иво Рибар Лола бр.51, Скопје, Сојуз на возачи на Македонија, бул. Св. Климент Охридски бр.58-6, Скопје и Автосообраќаен училишен центар „Боро Петрушевски„ на град Скопје , бул. Александар Македонски бр.3/26-6 Скопје, учествувале во забранет договор и/или договорена практика на начин што одлуките и ценовниците кои ги донели и во кои се утврдени цените за технички преглед на моторни и приклучни возила

претходно меѓусебно ги усогласиле со што директно ги фиксирале продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, а со цел спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата - технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, со што сториле повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, Во истото решение Комисијата утврди дека Авто Мото Сојуз на Македонија, Скопје учествувал во повредата во периодот од од 01.08.2005 година до 12.05.2009 година, Сојуз на возачи на Македонија, Скопје учествувал во повредата во периодот од од 01.08.2005 година до 12.05.2009 година и Автосообраќаен училишен центар „Боро Петрушевски„ на град Скопје Скопје учествувал во повредата во периодот од од 01.08.2005 година до 02.12.2008 година.

Против решението на Комисијата бр.08-95/9 од 19.07.2010 година АМСМ поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија.

Управниот суд на Република Македонија со пресуда бр. У-5 бр.897/2010 од 22.03.2011 година го поништи решението на Комисијата бр.08-95/9 од 19.07.2010 година при што најде дека истото не е изготвено во согласност со одредбата од член 209 став(3) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/05 и 110/08), односно дека решението е доставено до АМСМ без потпис од претседателот на Комисијата и без печат од Комисијата.

Имајќи ги во предвид упатствијата дадени од Управниот суд на Република Македонија, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**